Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Палата "Емануел Чучков", ул."Павел Шатев" бр.2, 5-ти спрат
http://www.sei.gov.mk/

# ЗАПИСНИК
за извршен инспекциски надзор
**бр. ИП1-09-63**
Датум 29.07.2021 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Друштво за изградба и оперирање со хидроцентрали ПЦЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје | |
| Кратко име | ПЦЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул."Коста Шахов"бр. 12/-2 Скопје –Центар | |
| Адреса за е-пошта | saso.gligorov@pcc.eu | |
| Телефон | 02/ 3085 088 | |
| Матичен број на субјектот | 6281370 | |
| Даночен број на субјектот | 4030007005793 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 240010002261050 | |
| Банка депонент | Уни Банка АД,Скопје | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | управител | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Сашо Глигоров | 071 257 277 | saso.gligorov@pcc.eu |
| ЕМБГ | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | **1. РЕДОВЕН** | ~~2. ВОНРЕДЕН~~ | 3. ~~КОНТРОЛЕН~~ | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 29.07.2021 | Време на почеток на инспекцискиот надзор [чч.мм] | | 11.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 29.07.2021 | Време на завршување на инспекцискиот надзор (чч.мм) | | 15.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | МХЕ " Галичка 3" реф.бр.33 | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 35.11- Производство на електрична енергија | | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | р. Галичка ,с.Јанче општина Маврово - Ростуше | | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец Јули, 2021 година;
2. ~~налог издаден од раководителот на инспекциската служба,бр___од ___год.;~~
3. ~~налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. ___ од _____ година;~~
4. ~~записник/решение за извршен инспекциски надзор број ___ од _____ година.~~

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. Тони Димески , водостопански инспектор

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

Редовен инспекциски надзор, согласно месечен план за Мај 2021год. Увидот се врши според член 230 став (1),став (2),став (3) а во врска со член 28 и 213 за работата на мала хидроелектрична централа МХЕ " Галичка 3" реф.бр.33, согласно Закон за водите (Службен весник бр. 87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 63/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016), како и врз основа на член 69,79,82 од Закон за инспекциски надзор (сл.вес.бр.102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

1. Листи за проверка :Дозвола за користење на вода за производство на електрична енергија
2. ~~Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):~~

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Кристиан Глигоровски со овластување бр.03-28/1 од 25.05.2021год. | 070/ 384 899 | kristian.gligorovski@pcc.eu |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1 | Медат Адеми | работник на едноставни работи во енергетски постројки |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на инспекцискиот надзор : Преставникот на субјектот на надзор со известување за инспекциски надзор бр.09-02/5 од 05.07.2021г. е запознаен согласно член 62 за Правата на субјектот на инспекциски надзорот при вршење на инспекциски надзор, член 63 за Обврските на субјектот на инспекциски надзор и член 64 за Целта на инспекциски надзор, според Закон за инспекциски надзор (Сл.весник бр. 102/2019).

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

Правниот субјект ПЦЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје, ја извршува дејноста производство на електрична енергија согласно издадената Дозвола со која стекнува водно право за користење на вода за производство на електрична енергија. Изградената хидроелектрана со придружни објекти МХЕ Галичка 3 реф.бр.33 преставува проточна и деривациона со инсталирана моќност од 1235KW која е во функција на искористување на хидроенергетскиот потенцијал на река Галичка.

**Доказ :** Копија од **Дозвола број 11-5849/3 од 12.09.2011 год.** за користење на вода за производство на електрична енергија и употреба на мала хидроелектрична централа МХЕ Галичка 3 реф.бр.33 со инсталирана моќност 1235 KW, со придружни објекти (тиролски зафат со таложник, доводен цевовод, машинска зграда со одводна вада и пристапен пат) на локалитет река Галичка, с.Јанче општина Маврово и Ростуше, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Се изврши теренски увид на зафатот на местото каде се врши зафаќање на водата која се користи за производство на електрична енергија на зафатна градба -тиролски зафат со таложник, на река Галичка, и машинската зграда на МХЕ Галичка 3 реф.бр.33, при

што се констатира дека поради малиот водостој во реката малата хидроцентрала повеќе од десет денови не работи. Овој период се користи за рачно чистење на просторот пред зафатната градба од наталожениот песок и камен. Одржувањето на цевководот и на машинската зграда со одводната вада е уредно.

Од извршениот увид во Дозволата број број 11-5849/3 од 12.09.2011 год.за користење на вода за производство на електрична енергија и употреба на мала хидроелектрична централа МХЕ Галичка 3 реф.бр.33,согласно условите во Дозволата, субјектот на надзорот ПЦЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје, за користење на вода за производство на електрична енергија и употреба на мала хидроелектрична централа со инсталирана моќност 1235 KW, со придружни објекти (тиролски зафат со таложник, доводен цевовод со L= 1716 м. и DN = 700 мм и 600 мм, машинска зграда со одводна вада и пристапен пат) на локалитет река Галичка, Црнодримско сливно подрачје, во близина на с.Јанче ,општина Маврово и Ростуше , постапува според следните услови :
Зафатните објекти се со следни координати : зафатна градба со таложник на река Галичка на кота (937,0 м.н.в.) и машинска зграда со кота на под (688,00 м.н.в.)

Во моментот на надзорот во однос на биолошкиот минимум кој е определен во дозволата , се констатира дека истиот при работа на централата се обезбедува преку отвор на левиот брег од зафатот преку кој се врши испуштањето на биолошкиот минимум за река Галичка, кој според дозволата е потребно да се обезбедува континуирано во низводниот дел со количина од 1/10 од просечниот повеќегодишен средногодишен проток кој изнесува Qbio.min.= 0,04 м3/сек.

Поради неработење на малата централа целокупната вода од река Галичка ,преку отворот за биолошки минимум поминува во речното корито ,низводно д зафатот.

Носителот на дозволата, правниот субјект ПЦЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје, е должен да постапува согласно точка 12 од дозволата, да пресметува и да плаќа за користење на водата за производство на електрична енергија 1% од производствената цена на еден киловат час на прагот на електраната согласно член 213 од Законот за водите.

**Доказ :** При инспекцискиот увид приложени се копии од месечни налози за уплатени надоместоци за користење на вода за период од јануар до декември 2020 год и од јануар до јуни 2021 год. согласно точка 12 од Дозволата за користење на вода за производство на електрична енергија бр. 11-5849/3 од 12.09.2011 год. што е во согласност со член 213 од Закон за водите.

При увидот од страна на претставникот на правниот субјекет, се приложија и следните документи :

- Решение за упис во Регистарот на електроцентрали што користат обновливи извори на енергија бр.УП1 03-118/14 од 30.09.2014 год. издадено од Агенција за енергетика на Република Македонија.
- Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија бр.УП1бр.08-176/14 од 21.10.2014 год.издадено од Регулаторна комисија за енергетика на Р.Македонија.
- Одлука за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија бр.УП1бр. 08 -177/14 од 21.10.2014год. издадено од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија.
- Одлука за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија бр.УП1 бр.07-56/13 од 26.06.2013 год. издадена од Регулаторна комисија за енергетика. на Република Македонија.

– **врз основа на наодот (да се заокружи само едно):**

1. не се утрдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;
2. ~~утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:~~

11)Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/~~ИМАШЕ~~ забелешки.

~~12)Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:~~

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>Кристиан Глигоровски<br>со овластување бр.03-28/1 од 25.05.2021 | | Печат и потпис на инспекторот:<br><br>Тони Димески | |
|---|---|---|---|
| Датум: 29.07.2021 | | Датум: 29.07.2021 | |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.